FOREVER

MACEDONIA

Септември 2016 | Број 179




# FOREVER DAILY

# ПРВИ ЧЕКОРИ ДО МЕНАЏЕР: ПРЕДИМСТВАТА

**SUCCESS DAY**

**15.10.2016**
**Хотел „Порта“, Скопје**
**Почеток-18 часот**
**Ве очекуваме!**





# Заврши ја трката

## Што во олимписките игри не маѓепсува толку?

Како што Рекс спомена минатиот месец, во спортот има нешто неповторливо, кое нè обединува и говори на нашиот јазик. Тешко е човек да не направи аналогија помеѓу спортските постигнувања и успехот во нашиот бизнис, зошто заедничките елементи се многу. Но денес би сакал да се задржам само на еден од нив. Не затоа што е поважен од останатите, туку едноставно затоа што ми се чини дека не се споменува многу често. Станува збор за тоа ДА ГО ЗАВРШИШ натпреварот.

Сите шампиони и успешни луѓе имаат карактеристика која им е потребна да го завршат тоа што го започнале. Многу ретко олимписки шампион би се откажал, кога ќе стане тешко. Успешниот во МЛМ не може да биде малодушен и да се извлекува. Дури и соочен со речиси сигурен пораз, шампионот продолжува да се бори, да се тетерави и да се сопнува до финишот. Дури и крајниот резултат да е без значење, шампионот не се откажува. Натпреварот се претвора во нешто лично. Дури и кога стадионот е празен, светлата се изгаснати и сите се разотишле дома, насочениот кон финалето сепак ја наоѓа целта и ја пресекува линијата.

На Олимпијадата во Мексико во 1968 г. John Stephan Akhwari, маратонец од Танзанија, покажал колку е важно да го завршиш финалето. За време на исцрпувачката трка тој паднал лошо и го повредил коленото. Медицинската екипа му пружила помош на трасата и го советувала да се повлече од трката. Неколку часови откако победникот бил крунисан, во затемнетиот и речиси празен стадион, превrзаниот и раскрвавен млад човек со поткуцнување ја завршил трката. Кога го прашале зошто не се откажал од трката, тој одговорил скромно и извонредно: „Мојата држава не ме испратила 10 илјади километри за да ја почнам трката.
Ме испратиле да финиширам."

Вие исто сте се вклучиле во Форевер за да ги доведете работите до крај. Се вклучивте за да се квалификувате за програмите за стимулирање и за да ги споделувате нашите производи со колку можете повеќе луѓе. Се вклучивте за да ги промените финансиската состојба и начинот на живот на своето семејство. Не се откажувајте сега, останете верни на бизнисот и ќе ја завршите трката. Го имате тоа во себе, бидејќи сте финалист и тоа ве прави добар сопственик на бизнис!

Не престанувајте да се смеете,



**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс

# Да бидеш одличен домаќин

Во филмовите често гледаме како грците празнуваат и се забавуваат заедно. Ако сте ги гледале „Мама миа“ или „Мојата голема дебела грчка свадба“ знаете дека тие покажуваат отвореност и добредојде. Иако се прикажани како карикатура на екранот, всушност се многу блиску до духот на грците. Великодушноста и гостопримството на грчката култура не само што ме импресионираат, туку и ме тераат да оценам колку многу можам да научам од луѓето во светот. Тоа ме наведува да размислувам како гостопримството влијае на вашиот бизнис и вашите средби со нови луѓе.

„Ксениа“, како што хелените го нарекувале гостопримството, е концепт кој е присутен во класичната грчка митологија. Обично се покажува кога некој великодушно прима во својот дом  беден непознат, често дури и просјак, кој се чини дека нема со што да се заблагодари. Откако ќе биде пречекан  со добрина и гостољубие, непознатиот го открива вистинскиот идентитет на божество и го наградува својот домаќин со дарови.

Овој концепт е важен дел од грчката култура не само како вредност која преовладува и која ги учи луѓето на великодушност, туку и како лекција по светоглед. Во неа има нешто повеќе отколку само да си одличен домаќин. Голема сила лежи во тоа да умееш да ги отвараш умот и срцето за новите луѓе во светот. Исто како овие маскирани божества, секој човек има уникатна дарба и може да ни понуди неповторлив дар. Кога сме добри, великодушни и топло ги прифаќаме новите луѓе, ние всушност добиваме повеќе од другиот.

Дали некогаш сте ја слушнале мудроста: „Не суди за книгата по корицата“? Токму така треба да пристапуваме кон секој нов човек со кого се запознаваме. Нема како да знаете дали тој ќе биде супер ѕвезда во бизнисот, но секогаш треба да се однесувате со него така како да ќе биде.

Никогаш не се ограничувајте самите себе си, со тоа што претходно ќе судите дали некој ќе биде важен за вас. Луѓето можат многу да ве изненадат. Можат да ви помогнат да ги надминете личните пречки и така да ви помогнат да научите уште нешто за самите себе. „Ксенија“ ни кажува дека кога сме гостопримливи, ја отвараме вратата за да можат луѓето позитивно да влијаат на нашиот живот.

Со секој нов човек однесувајте се исто како со првиот кого сте го спонзорирале – со истото внимание и со истата безрезервна верба – резултатот ќе ве воодушеви!

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**

**„Никогаш не се ограничувајте самите себе си, со тоа што претходно ќе судите дали некој ќе биде важен за вас. Луѓето можат многу да ве изненадат.“**






# Forever Daily

Нашите тела се изградени буквално од милијарди клетки. За тие добро да се хранат, нутриентите во храната и додатоците на исхрана треба да стигнат до секоја од нив во облик погоден за апсорпција и придружени од сите потребни кофактори. Клеточното хранење не се определува од списоците со препорачаните дневни дози, туку од она што реално се испорачува до клетките и се искористува. Токму тоа го нарекуваме „биорасположивост“ – хранливите материи да бидат достапни и искористени на клеточно ниво.

Затоа едни од најважните нутриенти во Форевер дејли се и нај-микроскопските, бидејќи користиме патентирана технологија за микронизација, која значително ја подобрува апсорпцијата и биорасположивоста на состојките. Нашата авангардна технологија за молекуларно капсулирање ги раздробува хранливите материи кои се тешки за апсорпција на одделни молекули, кои ги обвиткува во природна микрокапсула за максимално вшмукување во клетките. Намалувањето на димензиите на нутриентите значително ја подобрува нивната апсорпција- кај некои од нив и до 18 пати. Предностите се две - оптимално искористување на хранливите материи и помали таблети, лесни за голтање.




Повеќето од вас ги знаат неверојатните својства на алое вера. Но дали знаете што е АОС комплексот во Форевер дејли? Алое олигосахаридите претставуваат извонредно научно откритие за доставување на нутриенти до клетките, ткивата, органите и системите, кои имаат потреба од нив. Системот беше разработен за да ги предложи 55-те хранливи состојки на Форевер дејли во најлесната можна форма за апсорпција. Со години различни студии докажуваат дека алое вера има уникатно својство да ја подобрува биорасположивоста на останатите нутриенти. АОС комплексот беше создаден по патентирана технологија, која ги комбинира витамините, минералите и антиоксидантите во Форевер дејли со исклучителниот гел од алое вера на Форевер Ливинг Продактс. Тајната се крие во полисахаридите кои ги има во алоето. Според научните хипотези овие олигосахариди можат да создадат заштитен слој во форма на ципа, која ги задржува незаменливите нутриенти во близина на рецепторните центри подолго време и така им дава поголема шанса да бидат ефективно апсорбирани. Студиите потврдуваат дека кога алоето е во тесна врска со хранливите материи, како овие во Форевер дејли, степенот на апсорпција значително се зголемува.

Дали сето ова значи дека веќе немате потреба од пијалоците од алое вера?Напротив! Погоре наведеното е уште една причина повеќе да пиете алое секој ден. Благодарение на неговиот синергичен ефект врз апсорпцијата на нутриентите, со секојдневното консумирање вие максимално го зголемувате корисното дејство на Форевер дејли. Алое вера и Форевер дејли– каква неверојатна комбинација!

# Важен е ставот



Почитувани сопственици на Форевер бизнис,драги пријатели,

Летото е кон својот крај, луѓето околу нас ги завршуваат годишните одмори и во следните неколку денови често употребуваниот изговор на оние кои постојано ги бараат за да не започнат да го прават потребното за промена на својот живот, ќе треба да биде заменето со друго. А замената како што сите знаеме, воопшто не е тешка. Најлесно се наоѓаат оправдувања зошто да не градиме свој сопствен бизнис со Форевер. И затоа мнозина претпочитаат да се занимаваат постојано со барање на оправдувања зошто денес нема да вложат напори, зошто денес нема да направат ништо поразлично од вчера, зошто денес ќе продолжат да се жалат и да ги бараат причините за сè што им се случува или не им се случува, некаде далеку од себе. Токму такви се повеќето луѓе околу нас и не е случајно тоа што животот им е просечен, на раб на опстанок, без никаков ентузијазам, цели и активности. Живот, во кој дури и не можат да си спомнат што им се случило пред неколку денови, зошто тоа е истото што им се случило и пред седмица, и пред месец, и пред година. Тие и не заслужуваат да ги сожалуваме, бидејќи тоа е нивниот избор.

Но денес немаме намера да се занимаваме со нив, туку сакаме да ве поздравиме сите вас – гордите сопственици на Форевер бизнис кои не посегнавте кон многуте лесни оправдувања во тек на летото и најдовте барем една силна причина за да не престанете сами да го управувате животот. Токму поради тоа во последните три месеци, „и покрај“ горештините, „и покрај“ дождовите, „и покрај“ одморите и „покрај“ што ли уште не, многу од вас продолжуваат да го градат успешниот бизнис со Форевер, да ги исполнат своите соништа и секое утро да отвораат очи со ентузијазмот на најважната причина да работат здраво– желбата да живеат поразлично и подготвеноста да направат се што е потребно за тоа да се случи, независно од„покрај“. Се гордееме со сите вас и сигурни сме дека со овој став сите мечти во животот ќе ви станат реалност!

Тенденцијата на постојан раст на нашиот вкупен бизнис не се прекина и во летните месеци и во пресрет на 15-та годишнина од отворањето на канцеларијата на Форевер Ливинг Продактс во Бугарија оваа вест е навистина одлична. Во октомври нè очекуваат возбудливи настани, помеѓу кои освен јубилеен Ден на успехот е и посетата на Бугарија на најмладиот Дијамант Менаџер во историјата на Форевер – Филип Ритер. Благодарение на здравата работа и можноста за градење на сопствен Форевер бизнис, на само 32 години, тој успева да го постигне во животот тоа, кое многу други никогаш не успеваат. Никогаш не бара оправдувања, туку верува во моќта на трудот и дисциплината. Не запира да се усовршува и со задоволство ќе сподели со вас –сопствениците на Форевер бизнис од Бугарија и Македонија, што за него е најважно на патот кон промената и непрекинатиот раст. Како секој успешен човек и тој верува дека добриот живот не е прашање на среќа, туку на лична желба и подготвеност за вложување на труд.

Не пропуштајте да бидете и вие таму!

Со љубов,



**Стефан и Тања Стаеви**

# ПРВИ ЧЕКОРИ ДО МЕНАЏЕР: ПРЕДИМСТВАТА

**Ниво Менаџер е исклучително важно достигнување во маркетинг планот на Форевер. Тоа е позицијата на која можете целосно да се фокусирате на градење на тим и да им помагате и на своите соработници исто така да станат Менаџери. Токму тука вашите доходи можат сериозно да се зголемат. Менаџерите  добиваат значителни бонуси, но уште посуштинско е тоа што откако сте го постигнале ова ниво, вашата дејност е застаната на здрави основи, а напред ве движат вашите стабилни вештини за градење на бизнис и создавање на солиден и сигурен тим. Ако го продолжите развојот  уште погоре во планот на Форевер, ќе ја отворите вратата и кон импресивни пасивни доходи.**

Нивоата од позиција Менаџер нагоре веќе не зависат целосно од реализирањето на одреден обем бонусни бодови секој месец (и покрај тоа што бодовите продолжуваат да се важни за бонусите и програмите за стимулирање). Оттука натаму издигнувањето зависи од плодната работа со тимот и обучувањето на соработниците како и тие да се издигнат до клучното ниво Менаџер. Вашиот бизнис ќе стане постабилен, посигурен и полесен за управување.

Форевер ви нуди систематичен пристап кој се копира и кој ќе ве води во процесот. Неговото име е „Први чекори до Менаџер“ и претставува работна книга, која ве води низ сите чекори, потребни за стартување на бизнисот. Многу од водечките сопственици на Форевер бизнис ја следеле опишаната структура и процеси, за да постигнат успеси. „Први чекори до Менаџер“ е создаден од сопственици на Форевер бизнис за сопственици на Форевер бизнис. Едни од најдобрите во МЛМ од Велика Британија ја разработија работната книга, за да може секој да разбере како правилно да ги постави основите на бизнисот. Како што веќе знаете од претходните броеви на нашето месечно списание, основен двигател за појавата на книгата е Дијамант Менаџерот  Џејн Лич. Еве како ја опишува таа.



## Џејн Лич – Дијамант Менаџер

„Први чекори до Менаџер“ е клучен прирачник, потребен на секој СФБ, за да ги добие практичните познавања кога стартува во Форевер. Прирачникот не само што те води кон градење на твојот сопствен Менаџерски бизнис, туку е и одлично помагало со кое ќе ги обучиш луѓето во твојот тим како и тие да станат Менаџери.

Така придонесуваш за промена во начинот и стандардот на нивниот живот, за создавање на доходи кои одговараат на нивните очекувања, или дури и ги надминуваат. „Први чекори...“ ги опфаќа трите клучни области – поставувањето на цели, маркетинг планот и активностите за градење на бизнис. Работната книга бара дисциплина и создава добри работни навики. Новите луѓе често прашуваат „Што треба да правам?“ Кога човек ќе ги преведе преку планот и ќе го разбие на месечни, седмични и секојдневни активности, тие сфаќаат колку прост всушност е бизнисот. Вистината е дека ако човек ја усоврши елементарната секојдневна дисциплина, тој може да полета!



**Освен што учествувале во создавањето на прирачникот, водечките англиски сопственици на Форевер бизнис активно го користат за развивање на своите тимови. Ви ги пренесуваме нивните впечатоци од работата со „Први чекори до Менаџер“, за да разберете зошто книгата е толку важна алатка за градење на бизнисот.**







## Крис Голдсбра
## Менаџер „Сафир“

„Пред 18 години кога започнавме, немаше официјална обука и требаше да се трудиме да им го предаваме на другите тоа што самите го бевме совладале. Денес оваа фантастична алатка го прави планирањето брз и лесен процес. Благодарение на прирачникот нашиот бизнис расте брзо и со постојано темпо. Кога ги водиме новите соработници преку прирачникот, успеваме да им го задржиме фокусот врз активностите кои носат доходи – лична употреба, продажби и спонзорирање. Исто така успеваме да ги одредиме нивните најскриени желби, кои се нивното гориво за успех.“

## Стјуарт Лејк
## Менаџер „Сафир“

„Прирачникот ни даде лесен за разбирање и следење процес. Не научи да сме последователни секој ден и ни покажа како ефективно да го користиме времето.“

## Викторија Ворен
## Сениор Менаџер

„Како што започнав да ги следам активностите во работната книга, открив дека тоа што го слушав на претставувањето на бизнис можностите навистина станува реалност! Тоа ми даде храброст и самодоверба да им раскажувам на луѓето за Форевер. Иако изгледам како весел човек, всушност сум доста самокритична. Се плашев да им кажам на луѓето со што се занимавам, зошто мислев дека ќе сретнам неодобрување.
„Први чекори...“ ми помогна да почувствам гордост од тоа што го правам.“







## Дијана Пејџ
## Менаџер „Сафир“

„Кога се вклучив во бизнисот пред речиси 15 години, не располагавме со ништо слично на „Први чекори...“ Појавата на прирачникот покажа значителен ефект врз дуплирањето и постојаноста во мојот тим. Тој е во основата на сè што правиме, бидејќи ни дава систем. Списокот со имиња, седумдневниот план, следењето на активноста – сè што е неопходно е внатре.
Повеќето луѓе се срамат да зборуваат со другите, бидејќи откриваат дека не знаат што точно да кажат. Работната книга ти дава насоки како најдобро да им пристапиш на другите, за да ги збогатиш односите со нив, а не да ги расипеш.“

## Анџела Локран
## Менаџер „Дијамант-Сафир“

„Продолжува да ми дава јасна структура по која да ги водам новите соработници. Освен тоа е и идеална алатка за оние кои го забавиле темпото или престанале – ја користам работната книга за да им помогнам да тргнат одново по патот напред.

## Беки Дијли
## Сениор Менаџер

„Кога започнував, се чувствував збунето и не бев сосема свесна кои треба да се следните чекори. А јас сум многу организиран човек и ја сакам структурата и систематичноста. „Први чекори до Менаџер“ ми ги даде и благодарение на прирачникот си создадов и развив силен и длабок бизнис. Не само во Велика Британија, туку и во светот.“

**Ако сè уште не располагате со работната книга „Први чекори до Менаџер“, порачајте ја уште денес и започнете да го следите докажаниот систем за успешна работа!**

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА АВГУСТ 2016 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

Абази Наџије – Куманово
Димитриевиќ Емилија – Куманово
Димитровска Слободка – Делчево
Димитровска Јелена – Скопје
Димковска Ивана - Куманово
Ѓорѓевиќ Александра – Грделица
Живковиќ Ивана – Куманово
Кировска Ивана – Штип
Љуботенска Ана – Штип
Манасијевиќ Снежана – Врање
Манев Бојан – Скопје
Мојсиев Катерина – Куманово
Моневска Верица – Кочани
Мушевски Орхан – Штип
Поповиќ Соња – Куманово
Стевановиќ Радица – Врање
Трендова Петрова Катерина – Виница
Чулева Билјана - Неготино

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Слафко Михајловски
4. Катерина Трајчевска
5. Блага Крстеска
6. Славица Донакова
7. Игор Николиќ
8. Вера Златковска
9. Дончо Ѓорѓиев
10. Жарко Георгиевски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др. Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Игор Николиќ
4. Жарко Георгиевски
5. Славица Донакова
6. Дончо Ѓорѓиев
7. Катерина Трајчевска
8. Вера Златковска
9. Младен Димовски
10. Валентина Крмова

## SUCCESS DAY

**Скопје**
**15.10.2016**
Хотел „Порта“, 18 часот

**Сакате да напредувате во Маркетинг планот на Форевер и подготвени сте да ги усовршите вашите знаења и вештини за градење на стабилен Форевер бизнис? Добредојдени сте на Маркетинг обуката на ден 15.10.2016 во Хотел Порта во 15 часот.Предавач: Стефан Стаев, Ген.директор на ФЛПБугарија/Македонија**




## Претставувања на НЕВЕРОЈАТНАТА БИЗНИС МОЖНОСТ на Форевер

**Скопје, Хотел Порта, 12.09.2016, 19 часот**

**Струмица, Хотел Глигоров, 23.09.2016, 20 часот**

**Пехчево, Хотел Гогов, 24.09.2016, 19 часот**

# ПРОМОЦИЈА

**Во текот на септември - ако сте Новус клиент, Асистент Супервизор, Супервизор и Асистент Менаџер и имате порачки (една или повеќе) во вкупна вредност од најмалку 1 бод и ако сте Менаџер и имате порачки (една или повеќе) во вкупна вредност од најмалку 2 бода го добивате следниот подарок**




**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**
бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.